Бр./Nr 12-857/2

08-01-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава од познат подносител, на 45-та седница, на продолжението на седницата одржано, на ден 30 Декември 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција – поднесок насловен како Резиме, бр. 12- 5602/1 од 11.12.2019 година доставено до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – ----------------------------------------------------------------------------, преку претседателот --------------------------------------------------------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-5602 од 2019 година оформен врз основа на пријавата/резиме бр. 12- 5602/1 од 11.12.2019 година.

Предметот со број 12 -5602 од 2019 годи да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12 - 5602 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава - поднесок насловен како Резиме бр. 12- 5602/1 од 11.12.2019 година, од познат подносител.

Пријавата, според содржината и според тоа како е насловена и адресирана претставува своевидно циркуларно писмо кое освен до Државната комисија е адресирано/доставено и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, до Претседателот на РСМ, Претседателот на Владата на РСМ, Претседателот на Собранието на РСМ и др. субјекти.

Со предметната пријавата се изнесуваат наводи за тенденциозно нарушување на постапката при одлучување и донесување на Решението од месец Октомври 2019 година, за овластување на највисока асоцијација на ------------------ во РСМ. Имено, според наводите од пријавата постапката за добивање овластување на највисока асоцијација на --------------------- била спроведена без објава на јавен оглас, јавен повик или друг вид на објава на јавна информација со што е извршена повреда на начелото на јавност, транспарентност и еднаква достапност.

Предметната пријава/резиме, во суштина е израз на незадоволство од донесеното Решение ---------------------------- за ---------------------------- во РСМ, односно за ---------------- од страна на ------------------------------------------ на РСМ.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

До Државната комисија за спречување на корупцијата по повод поднесокот – резиме на ---------------------------------, а како што се наведува во писменото бр. 12-857/1 од 04.02.2020 година, и до останатите приматели на предметното резиме беше/е доставен писмен одговор на резиме од Секторот -------------------------------. Во доставениот одговор презентирани се активностите на надлежното министерство -------------- по однос на правата и обврските на ---------------, условите кои треба да ги исполнува ------------, постапката по барањата доставени до ---------- од страна на ----------------------------- и од страна на ---------------------, како и други одговори и појаснувања по наводите изнесени во резимето на -------------------------------------.

Врз основа на наводите кои се содржани во пријавата/резиме на подносителот -------------------------------------------------------, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека предметната пријава не содржи елементи кои упатуваат на надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имено, наводите на подносителот не укажуваат на конкретна злоупотреба на службената положба и овластување од стана на службени лица – избрани или именувани или кои вршат работи од јавен интерес, а кои би можеле да се подведат под основи за сомневање за сторени дејствија на корупција односно злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 30 Декември 2020 година под број 12 - ________/___**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Република Северна Македонија Државна комисија за спречување на корупцијата Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Komisioni Shtetëror për Parandalim të Korrupsionit Shkup

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: К.Н, Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-подносителот